ДО
Адвокат Стевица Јосифовски

Предмет: Одговор на барање
Врска: Барање за пристап до информации од јавен карактер (заведено под наш арх. бр. 03-661/1 од 10.09.2021 година)

Почитувани,

Врз основа на Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер (заведено под наш арх. бр. 03-661/1 од 10.09.2021 година) а согласно склучените Договори за користење на содржините кои се наоѓаат во комплексот на Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје за оддржување на настани од културно забавен карактер (музичка манифестација-концерти) со

- Друштвото за маркетинг и услуги САМООРГАНИЗАЦИЈА БУКИНГ ДООЕЛ Скопје,
- Друштвото за маркетинг и услуги САМООРГАНИЗАЦИЈА ДООЕЛ Скопје,
- Друштвото за маркетинг и услуги ТАЛЕНТ БОКС-АВАЛОН ДООЕЛ Скопје и
- Други правни лица под логото на АВАЛОН ПРОДУКЦИЈА

за периодот од 01.01.2014 година до 01.06.2021 година Ви укажуваме дека нашето Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје нема увид во бараните информации од Ваша страна, и тоа:

- кои се спонзорите, со точно наведени локации на банерите каде би се рекламирале истите за секој договор одделно,
- називи на правните лица кои вршеле продажба на пијалоци и храна за секој договор одделно и
- доставени барања/одобрувања на рекламниот материјал.

Иако во секој поединечен договор во делот „Обврски на Друштвото корисник на содржините„ утврдено е дека „доколку за оддржување на настанот од културно забавен карактер кој е предмет на Договорот Друштвото има спонзори 5 (пет) до 10 (десет) дена пред оддржувањето на настанот од културно забавен карактер се обврзува да достави писмено известување кои се спонзорите со барање со точно наведени локации на банерите каде би се рекламирале истите.„ правните лица кои организирале настан под логото на АВАЛОН ПРОДУКЦИЈА такво барање немаат доставено за ниту еден организиран концерт.
Со почит

ФИЛХАРМОНИЈА
бул. Гоце Делчев бр. 2 • 1000 Скопје • тел: +389 2 3118 450 • факс: +389 2 3165 753 • contact@filharmonija.org.mk
bul. Goce Delchev br. 2 • 1000 Skopje • phone: +389 2 3118 450 • fax: +389 2 3165 753 • contact@filharmonija.org.mk
www.filharmonija.mk

**Предмет:** Одговор на барање за пристап до информации од јавен карктер.

**Почитувани,**

Постапувајќи по Вашето Барање за пристап до информации од јавен карктер (наш. бр. 03-403/1 од 22.09.2021 година), во продолжение на овој допис, Ви ги доставуваме бараните информации.

Во доставеното Барање од Ваша страна, барате да Ви се достави писмено известување со барање кои се спонзорите, со точно наведени локации на банерите каде би се рекламирале истите, кое понатаму треба да биде одобрено од другата договорна страна, согласно член 5 од склучените договори за закуп на простор во рамките на нашата установа Филхармонија на РСМ, од сите правни субјкти кои организирале настан под логото на АВАЛОН ПРОДУКЦИЈА за периодот од 01.01.2014 година до 30.06.2021 година, за секој договор одделно. Исто така, барате да Ви се достават барања/одобрувања на рекламниот материјал, доколку постојат такви.

Во насока на погоре наведеното, би сакале да Ве информираме дека не ја поседуваме бараната информација. НУ Филхармонија на РСМ нема информација во однос на спонзорите за настаните од договорите кои Ви ги испративме, како и точни локации на банерите за рекламирање. Иако во членот 5 од склучените договори стои дека надворешните организатори на настани, односно закупците треба да бараат одобрување за содржината на рекламниот материјал, сепак од страна на правните субјекти кои организирале настан под логото на АВАЛОН ПРОДУКЦИЈА, такво барање немаат доставено за ниту еден од концертите за кои претходно Ви доставивме скличени договори.

За други информации Ви стоиме на располагање.

**Со почит,**

**Овластено лице за постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер**
**Катерина Дојчиновска**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: Адвокат Стевица Јосифовски од Скопје, ул. Христо Смирненски бр.22/4
Скопје моб: 070/251-251, 02/3144-285
е-маил: stevica@josifovski.mk, vladimir@josifovski.mk, darko@josifovski.mk

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Врз основа на реализирани договори за закуп на простор за организирање на концерти во Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ СКОПЈЕ, склучени со Друштвото за маркетинг и услуги САМООРГАНИЗАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, Друштвото за маркетинг и услуги САМООРГАНИЗАЦИЈА БУКИНГ ДООЕЛ Скопје, СТАРМЕН ДООЕЛ Скопје и други правни лица кои организираат настани под логото на Авалон Продукција за периодот од 01.01.2014 година до 01.06.2021 година, бараме да ни ги доставите следните информации:**

**- Писмено известување со барање кои се спонзорите, со точно наведени локации на банерите каде би се рекламирале истите, кое понатаму треба да биде одобрено од страна на другата договорна страна, согласно член 5 од склучените договори, за секој договор одделно.**

**- Правни лица кои вршеле продажба на пијалоци и храна, за секој настан одделно во горенаведениот период.**

**- Доставените барања/одобрувања на рекламниот материјал, доколку постојат такви.**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________